Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**

Број 03-1465/3
.2020 година
08-10-2020

Врз основа на член 49 став 1, а во врска со член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19), член 75 став 4 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ” бр.24/19), Правилникот за формата, содржината како и за начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки („Службен весник на РМ“, бр.64/19) и Уредбата за заедничкиот поимник за јавни набавки („Службен весник на РМ“, бр.15/20), министерот за финансии донесува

## ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2020 ГОДИНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Во Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Министерството за финансии, заведен под бр.03-1465/1 од 28.01.2020 година, се врши следното дополнување:

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.

1. Во глава I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, после точката 28 се додаваат две нови точки 29 и 30 кои гласат:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ОПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 29 | Средства за дезинфекција и заштитни средства за обезбедување на заштита и превенција од Корона вирус | 24455000-8 | стоки | Набавка од мала вредност | 600.000,00 | октомври | |
| 30 | Матричен свичер засилувач на видео сигнали | 48219500-1 | стоки | Набавка од мала вредност | 200.000,00 | октомври | |

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.

2. Во глава II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, после точката 62 се додаваат шест нови точки 63, 64, 65, 66, 67 и 68 кои гласат:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ОПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 63 | Одржување и сервисирање на системот за автоматско гасење и дојава на пожар и влага | 50324100-3 | услуги | Набавка од мала вредност | 500.000,00 | октомври | |
| 64 | Одржување на софтвер за автоматизација на зграда БМС (Building menagement system) | 50324100-3 | услуги | Набавка од мала вредност | 500.000,00 | октомври | |
| 65 | Одржување и сервисирање на електроенергетски развод и осветлување на зградата | 50324100-3 | услуги | Поедноставена отворена постапка | 700.000,00 | октомври | |

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 66 | Одржување и сервисирање на опрема за следење, пристап и комуникација | 50324100-3 | услуги | Поедноставена отворена постапка | 2.800.000,00 | октомври | |
| 67 | Одржување и сервисирање на (HVAC) систем, санитарна вода и канализација | 50324100-3 | услуги | Поедноставена отворена постапка | 1.200.000,00 | октомври | |
| 68 | Одржување и сервисирање на инвентар и составни делови на објектот | 50324100-3 | услуги | Поедноставена отворена постапка | 800.000,00 | октомври | |

3. Во глава II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, се врши измена и точката 18 се брише.

4. Во глава II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, се врши измена и во точката 19 се брише забелешката.

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi

Изработил: Панче Чоневски
Провериле: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Согласен: Татјана Васева
Провериле: м-р Татјана Трајковска
Тања Танеска Лазаревска
Ќефсер Демири
Ана Арсовска

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.

Со оваа измена и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2020 година се врши следното дополнување и измена:

- Во глава I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, после точката 28 се додават две нови точки и тоа точка 29. Средства за дезинфекција и заштитни средства за обезбедување на заштита и превенција од Корона вирус и точка 30. Матричен свичер засилувач на видео сигнали;
- Во глава II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, се врши измена и точката 18 се брише.
- Во глава II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, се врши измена и во точката 19 се брише забелешката;
- Во глава II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, после точката 62 се додаваат шест нови точки 63, 64, 65, 66, 67 и 68 и тоа:

  63. Одржување и сервисирање на системот за автоматско гасење и дојава на пожар и влага,
  64.Одржување на софтвер за автоматизација на зграда БМС (Building menagement system),
  65.Одржување и сервисирање на електроенергетски развод и осветлување на зградата,
  66.Одржување и сервисирање на опрема за следење, пристап и комуникација,
  67. Одржување и сервисирање на (HVAC) систем, санитарна вода и канализација и 68.Одржување и сервисирање на инвентар и составни делови на објектот

Измената и дополнувањето на ГПЈН се врши од следниве причини:

Согласно со известувањето бр.03-6149/1 од 2.10.2020 година од Секторот за правни работи - Одделение за општи работи со кој не известуваат дека постоечките договори истекуваат во месец ноември и количините во целост се порачани, потребно е постапката за јавна набавка на Средства за дезинфекција и заштитни средства за обезбедување на заштита и превенција од Корона вирус да се додаде во ГПЈН за 2020 година.

Врз основа на барањето за дополнување и измена на ГПЈН бр.19-6151/1 од 2.10.2020 од Одделението за следење, контрола и одржување на имотот на Министерството за финансии во кој е наведено дека е потребно да се замени матричниот свичер засилувач на видео сигнали, а со цел за целосно проектно функционирање на опремата на кат 9 наменета за одржување на состаноци и безжична поврзаност на опремата, како и функционирање на повеќе апликации за аудио и видео поддршка и слично, потребно е во ГПЈН да се додаде набавка на матричен свичер засилувач на видео сигнали.

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.

Забелешката во точката 19 „Постапката ќе се спроведува по решение за одобрена јавна набавка од 2019 година" се брише од причина што постапката по решение од 2019 се поништи и се спроведе по решение донесено во 2020 година.

Точката 18 во целост се брише и на нејзино место ќе се спроведат постапките од точките 63, 64, 65, 66, 67 и 68.

Имено, согласно со глава II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, точка 18, беше предвидена јавната набавка Тековно одржување на зградата на Министерството за финансии и истата беше делива на ДЕЛ 1: Одржување и сервисирање на системот за автоматско гасење и дојава на пожар, дојава на влага; ДЕЛ 2: Одржување на БМС (Building menagement system); ДЕЛ 3: Одржување и сервисирање на електричните инсталации и опремата; ДЕЛ4: Одржување и сервисирање на системот за греење, ладење, вентилација (HVAC), водоводна и канализациона мрежа и санитарна вода; и ДЕЛ 5:Одржување и сервисирање на инвентар и составни делови на објектот.

Постапката е спроведена и за истата е донесено решение за поништување на постапката при што постапката за дел 2, дел 3 и дел 5 е поништена бидејќи не е поднесена ниту една понуда, додека за дел 1 и дел 4 од причини што понудувачите понудиле цени кои се понеповолни од реалните на пазарот.

Врз основа на барањето за дополнување и измена на ГПЈН бр.19-6151/1 од 2.10.2020 од Одделението за следење, контрола и одржување на имотот на Министерството за финансии со цел да се обезбеди поголема конкуренција на пазарот се предвидува постапката за тековно одржување да се разложи на неколку нови постапки односно да бидат спроведени посебни (шест) 6 постапки кои можат да содржат еден или повеќе независни делови кои покриваат одржување на опрема од сродна област, а прашање на избор е дали економските оператори ќе конкурират за еден или за сите дела од дадена постапка. Предлогот за ваква јавна набавка поделена во постапки и соодветни делови е настанат од причина што при предходно спроведената интегрирана постапка за два дела имаше само по една понуда (дел 1 и дел 4) и за истите понудувачите понудиле цени кои се понеповолни од реалните на пазарот, додека за три дела (дел 2, дел 3 и дел 5) немаше ниту една понуда. Со новата поделба на постапката се очекува да се зголеми конкуретноста и да се јават повеќе економски оператори специјализирани во одредена област и истите да бидат доволно конкуретни меѓусебно при аплицирањето на било кој дел во постапка.

Со оглед на тоа што набавката и одржувањето на системите во зградата е од витално значење за функционирање на институцијата, а со цел да бидат успешно и ефикасно реализирани набавките се предлага донесување на дополнувањето за ГПЈН за 2020 година.

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.